Audit & Business Advisory

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
AGJENCIA PËR RREGULLIMIN E SEKTORIT HEKURUDHOR
Скопје-Shkup
Примено: / Pranuar me: 11.03.2026
Орг.Един. / Njësia Org.: 05
Број: / Numër: 59/1
Прилог: / Shtojcë:

# Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Скопје

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 година
и

## Извештај на независните ревизори

A member of
mgiworldwide

| Содржина | Страна |
|---|---|


ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

- Биланс на состојба 3
- Биланс на приходи и расходи 4
- Извештај за промени во изворите на деловните средства 5
- Белешки кон финансиските извештаи 6

Ул.„Париска бр.50/1-8
1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:

Управниот одбор и Раководството на

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Скопје

# Извештај на независните ревизори

## Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

### Мислење

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Скопје (во понатамошниот текст „Агенцијата“), коишто го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2025 година, Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промените во изворите на деловните средства за годината што тогаш заврши, вклучително и информациите за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Скопје, заклучно со 31 декември 2025 година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

### Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Агенцијата во согласност со Кодексот за етика на професионалните сметководители на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (Кодексот на ОМСЕС) кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

### Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија и за таквата внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е потребна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Агенцијата да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да ја ликвидира Агенцијата или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.



MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms

A member of mgiworldwide

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

## Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Агенцијата.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Агенцијата да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Агенцијата да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.



MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.

A member of mgiworldwide

Audit & Business Advisory

Ул .Париска бр.50/1-8
1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

## Извештај на независните ревизори (продолжува)

### Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи (продолжува)

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор

Дарко Калин

Управител

Дарко Калин

03 Март 2026



MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms

A member of mgiworldwide

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**За годината која завршува на 31 декември 2025 и 2024**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 3 | 8.990 | 12.671 |
| Други побарувања | 4 | 271 | 21 |
| | | **9.261** | **12.692** |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Нематеријални средства | 5 | - | - |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 166 | 238 |
| | | **166** | **238** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **9.427** | **12.930** |
| **ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 7 | 109 | 78 |
| Останати краткорочни обврски | 8 | 455 | 452 |
| ПВР | 9 | 250 | - |
| | | **814** | **530** |
| **ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Деловен фонд | | 109 | 159 |
| Ревалоризациона резерва | | 57 | 79 |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД** | | **166** | **238** |
| Вишок на приходи за пренос во наредна година | | **8.447** | **12.162** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | | **9.427** | **12.930** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и потпишани во негово име од:

**Даринка Којзаклиева**
Овластен сметководител

**Крешимир Павиќ**
Директор

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
**За годината која завршува на 31 декември 2025 и 2024**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од услуги | 10 | 2.986 | 5.241 |
| Пренесен вишок на приходи од претходна година | | 12.162 | 12.819 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ ПРИХОДИ** | | **15.148** | **18.060** |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | |
| Материјални расходи | 11 | 641 | 620 |
| Оперативни расходи | 12 | 2.073 | 2.025 |
| Капитални расходи | 13 | 14 | - |
| Плата и надомест на плати | 14 | 3.953 | 3.211 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **6.681** | **5.856** |
| **Вишок на приходи - Добивка пред оданочување за годината** | | **8.467** | **12.204** |
| Данок на добивка | 15 | 20 | 42 |
| **Вишок/(кусок) на приходи над расходи за годината** | | **8.447** | **12.162** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СРЕДСТВА
**За годината која завршува на 31 декември 2025 и 31 декември 2024**
**Во илјади денари**

| | Деловен фонд и ревалориз. резерва | Ревалориз. Резерва | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари 2025 година** | **159** | **79** | **238** |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | (64) | (29) | **(93)** |
| Набавка на основни средства | 14 | - | **14** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | - | 7 | **7** |
| **Состојба на 31 декември 2025** | **109** | **57** | **166** |
| | | | |
| **Состојба на 1 Јануари 2024 година** | **159** | **79** | **238** |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | (279) | (118) | **(397)** |
| Набавни на основни средства | - | - | - |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | - | 12 | **12** |
| **Состојба на 31 декември 2024** | **159** | **79** | **238** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор (во понатамошниот текст Агенцијата) претставува независно регулаторно тело во областа на железничките услуги, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за железничкиот систем.

Агенцијата работи согласно Законот за железничкиот систем (Службен Весник на Република Македонија број 91/2013, 163/13, 42/14, 130/14, 31/2016, 178/2016, 64/2018, 302/2020 и 253/2023), а започна со работа на 15 јануари 2008 година.

Агенцијата е запишана во Централниот Регистар на Република Северна Македонија со единствен матичен број на субјектот 6458807 и со дејност согласно Решението од Централен Регистар со шифра 84.130 – Уредување и давање помош за поуспешно работење.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин, број 52/1/4 мезанин Скопје.

Агенцијата има статус на правно лице со јавни овластувања, кои се утврдени со Законот за железничкиот систем, подзаконски акти, Статутот на Агенцијата и други општи акти.

Органи на Агенцијата се Управен Одбор и Директор. Управниот Одбор е составен од три члена Нена Трајановска, Симона С. Ефремовска и Бурим Мемиши

Со Агенцијата управува и раководи директор Крешимир Павиќ.

Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики се специфични принципи, основи, правила и практики усвоени од страна на Агенцијата при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи.

Сметководствените политики преставуваат основа при вреднувањето, мерењето, презентирањето и објавувањето на ставките во финансиските извештаи на Агенцијата, кои се применувани конзистентно во текот на деловната година, како и во претходната година.

Деловните промени се евидентираат во деловните книги, согласно домашната законска регулатива. Сметководствената евиденција се води во рамките на Агенцијата.

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовка на овие финанасиски извештаи. Сметководствените политики се конзистентно применети на сите периоди објавени во овие финансиски извештаи.

### 2.1 Основи за подготовка

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со одредбите од Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на РМ бр.24/2003, 17/2011, У.суд 80/2005, 154/2015), Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 42/2003, 8/2009, 12/2009, 175/2011), Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 117/2005, 11/2006) и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр.117/2005).

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година. Функционална и известувачка валута на Агенцијата е македонски денар. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.2 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти се состојат од готовина на сметка, готовина во благајна и орочени депозити во банки со доспеаност помала од 3 месеца од датумот на известување.

### 2.3 Побарувања од купувачи

Побарувањата се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи, намалени за исправка на ненаплатливи побарувања по основ на застареност на побарувањето, правосилна судска одлука и пријавено ненаплативо побарување од субјекти во стечај и ликвидација.

### 2.4 Материјални и нематеријални средства

Во нематеријлани и материјални средства се класифицираат средствата што:

- Се држат за остварување на дејноста, и
- Се очекува да се користат повеќе од еден финансиски период и чија поединечна вредност во моментот на набавка е повисока од 300 евра во денарска противвредност.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖУВА)

### 2.4 Материјални и нематеријални средства (продолжува)

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата. Последователно на секој датум на известување, тие се ревалоризираат со примена на официјално објавени коефициенти на ревалоризација врз нивната (ревалоризирана) набавна вредност и (ревалоризирана) исправка на вредноста. Нето ефектот од ревалоризацијата се признава на товар на изворите на деловните средства.

Изворите на деловни средства на Агенцијата се зголемуваат за износот на вредноста на набавени материјални и нематеријалните средства. Материјалните и нематеријалните средства се признаваат како капитален трошок во период на настанување (исплата).

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во билансот на успех во текот на финансискиот период во кој се јавуваат.

Амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално со цел да се алоцира нивната набавна вредност до нивната резидуална вредност во текот на проценетиот век на употреба, со примена на следните годишни стапки за амортизација:

Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделни недвижности, опрема и нематеријалните средства се:

| | |
|---|---|
| Компјутери и останата опрема | 14% - 20 % |
| Мебел | 10 % |

Амортизацијата се признава на товар на изворите на деловните средства.

### 2.5 Тековен и одложен данок на добивка

Данок на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

*(а) Тековен данок на добивка*

Тековниот данок на добивка ја преставува пресметаната и исплатена сума согласно Законот за Данок на Добивка во Република Северна Македонија. Данокот на добивка се плаќа по стапка од 1% на износот на приходите остварени од операциите над прагот од 1 милион денари.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖУВА)

### 2.6 Тековен и одложен данок на добивка

*(б) Одложен данок на добивка*

Одложени даноци се признаваат кога се јавува разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната сметководствена вредност според даночната регулатива и се прикажани со користење на метода на обврски за сите времени разлики. Одложените даночни обврски се признаваат за сите одбитни времени разлики земајќи во предвид дека веројатноста оданочивата добивка ќе биде искористена наспроти одбитните времени разлики. Во финансиските извештаи, нема времени оданочиви разлики.

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година Агенцијата нема евидентирано одложени даночни обврски односно средства.

### 2.7 Извори на деловни средства

Изворите на деловни средства во Билансот на состојба се проценуваат според утврдена вредност на стекнатиот Деловен фонд и Ревалоризациона резерва.

### 2.8 Обврски

Обврските кон добавувачите и вработените, како и обврските за плати, даноци, придонеси и останати тековни обврски се искажуваат по нивна номинална вредност. Обврските евидентирани во девизи се пресметуваат по среден курс на НБРМ.

### 2.9 Признавање на приходи и расходи

Критериумите за признавање на приходи и расходи во Агенцијата се засновани врз сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции како што следи:

- Приходите се признаваат во пресметковниот период во кој тие настанале, доколку се мерливи и расположливи. Приходите се мерливи доколку се определени во однос на вредност. Приходите се раположливи кога се генерирани и настанати во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов истите да се однесуваат на пресметковниот период и се користат за покривање на обврските за соодветниот пресметковен период.
- Расходите се признаваат во пресметковниот период во кој тие настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов поврзаните обврски да се настанати во тој пресметковен период.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖУВА)

### 2.10 Странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски денари по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на последниот ден од периодот на известување. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики се прикажани во билансот на успех како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на билансот на состојба деноминирани во странска валута, се следните:

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| 1 УСД | 52,3050 Денари | 58,8807 Денари |
| 1 ЕУР | 61,4950 Денари | 61,4950 Денари |
| 1 ЦХФ | 66,1735 Денари | 65,1775 Денари |

### 2.11 Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на ден на билансирање (настани за кои може да се врши корегирање) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани после датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 3. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Денарски сметки во банка | 8.986 | 12.671 |
| Денарска благајна | 4 | - |
| **Вкупно** | **8.990** | **12.671** |

## 4. ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Краткорочни побарувања | 250 | - |
| Останати побарувања и АВР | 21 | 21 |
| **Вкупно** | **271** | **21** |

Согласно член 108 од Законот за железнички систем, Агенцијата своите средства за работи ги обезбедува од годишната такса за регулирање на пазарот на железнички услуги од управителите на инфраструктурата и превозниците.

Преглед за старосна структура на побарувања со состојба 31.12.2025

| | **домашни во 000 денари** | **странски во 000 денари** | **Вкупно во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| до 1 месец | - | - | - |
| од 1 до 3 месеца | - | - | - |
| од 3 месеца до 6 месеца | - | - | - |
| од 6 месеца до 1 година | 250 | - | 250 |
| над 1 година | - | - | - |
| ***Вкупно побарувања*** | **250** | **-** | **250** |
| Исправка на вредност на побарувања | - | - | |
| **Вкупно** | **250** | **-** | **250** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 5. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Агенцијата со 31.12.2025 година нема набавено нематеријални средства. Набавната вредност на нематеријалните средства изнесува 546 илјади денари, а акумулираната амортизција со 31.12.2025 година изнесува 546 илјади денари (31.12.2024 година: 546 илјади денари).

## 6. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| | Опрема | Канцелариски мебел | Вложув. во недвижности | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| **Состојба на 01.01.2024** | **1.855** | **1.060** | **5.180** | **8.095** |
| Набавки | - | - | - | - |
| Ревалоризација на средства | 98 | 56 | 275 | 429 |
| **Состојба на 31.12.2024** | **1.953** | **1.116** | **5.455** | **8.524** |
| Набавки | - | 14 | - | **14** |
| Ревалоризација на средства | 95 | 56 | 273 | **424** |
| **Состојба на 31.12.2025** | **2.048** | **1.186** | **5.728** | **8.962** |
| | | | | |
| **Исправка на вредност** | | | | |
| **Состојба на 01.01.2024** | **1.537** | **1.051** | **4.884** | **7.472** |
| Амортизација за 2024 | 98 | 3 | 296 | **397** |
| Ревалоризација на исправка | 87 | 56 | 275 | **418** |
| Усогласување | - | - | - | - |
| **Состојба на 31.12.2024** | **1.722** | **1.110** | **5.455** | **8.287** |
| Амортизација за 2025 | 91 | 3 | - | **94** |
| Ревалоризација | 87 | 55 | 274 | **417** |
| **Состојба на 31.12.2025** | **1.901** | **1.169** | **5.728** | **8.798** |
| ***Сметководствена вредност*** | | | | |
| **Состојба на 31.12.2024** | **231** | **7** | **-** | **238** |
| **Состојба на 31.12.2025** | **148** | **18** | **-** | **166** |

Врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија, на Агеницијата и е дадено право за користење на имот сопственост на Република Македонија. Имотот не е евидентиран во книгите на Агенцијата.

*Залог*

Агенцијата нема залог врз недвижностите, постројките и опремата. Сите средства се користат за извршување на деловните активности на Агенцијата.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 7. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИТЕ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачите во земјата | 109 | 78 |
| **Вкупно** | **109** | **78** |

## 8. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Обврски спрема членови на УО | 75 | 69 |
| Обврски за плати | 380 | 383 |
| **Вкупно** | **455** | **452** |

## 9. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Пресметани, а ненаплатени побарувања | 250 | - |
| **Вкупно** | **250** | **-** |

## 10. ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Годишна такса | 2.986 | 5.241 |
| **Вкупно** | **2.986** | **5.241** |

Согласно член 108 од Законот за железничкиот систем, дел од средствата за вршење на дејноста се обезбедуваат од годишна такса за регулирање на пазарот од управителите на инфраструктурата и превозниците, односно ЈП Македонски железници – транспорт и ЈП Македонски железници – инфраструктура. Основица за пресметување на годишната такса е 1,5% од остварениот годишен надомест за користење на железничката инфраструктура од минималниот пакет на услуги и пристапот по пруга од услужните објекти (член 108 став4).

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 11. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали материјали | 121 | 141 |
| Потрошена енергија | 126 | 134 |
| Одржување на средствата | 7 | 6 |
| Транспортни услуги | 4 | 1 |
| Издатоци за репрезентација | 11 | 17 |
| Останати материјални расходи | 372 | 321 |
| **Вкупно** | **641** | **620** |

## 12. ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Интелектуални и други услуги | 1.505 | 1.634 |
| Надоместоци на трошоци на работниците | 286 | 267 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | 78 |
| Провизија за платен промет | 23 | 24 |
| Премии за осигурување | 21 | 22 |
| Останати расходи | 21 | 1 |
| **Вкупно** | **2.073** | **2.025** |

## 13. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Средства за опрема | 14 | - |
| **Вкупно** | **14** | **-** |

## 14. ПЛАТА И НАДОМЕСТ НА ПЛАТА

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Вкалкулирани бруто плати | 3.953 | 3.211 |
| **Вкупно** | **3.953** | **3.211** |

Платите и надоместоците на вработените се пресметани и исплатени во согласност со Правилникот за плати и други надоместоци на вработените во Агенцијата и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата. На 31 декември 2025 година Агенцијата има 3 вработени.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 15. ДАНОК НА ДОБИВКА

Усогласувањето на данокот на добивка на Билансот на приходи и расходи за годините кои што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година, е како што следи:

| | | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| 1 | **Добивка/(загуба) пред оданочување за годината** | **2.986** | **5.241** |
| 2 | Неодбитни трошоци за даночни цели | - | - |
| 3 | Оданочиви приходи од поврзани субјекти | - | - |
| 4 | Незатворени салда на побарувања по заеми | - | - |
| 5 | Даночна основа (1 + 2 + 3 + 4) | 2.986 | 5.241 |
| 6 | Намалување на даночна основа | (1.000) | (1.000) |
| 7 | Даночна основа по намалување (5-6) | 1.986 | 4.241 |
| 8 | Пресметан данок на добивка (7 x 1%) | 20 | 42 |
| 9 | Намалување на пресметан данок на добивка | - | - |
| | **Данок на добивка по намалување** | **20** | **42** |
| | *Ефективна даночна стапка* | *1%* | *1%* |

Агенцијата нема направено резервирање на одложени даночни средства во овие финансиски извештаи, бидејќи не може со разумна сигурност да го одреди нивото на даночното средство кое би се искористило во иднина.

## 17. ВОНБИЛАНСНА ИЗЛОЖЕНОСТ И НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

Со состојба на 31 Декември 2025 година Агенцијата нема вонбилансна изложеност.

Со состојба на 31 Декември 2025 година Агенцијата нема неизвесни побарувања како и обврски кои би произлегле од судски спорови. Заклучно со датумот на извештајот се водат две активни управни постапки пред Виш Управен Суд кои што не резултираат со финансиски импликации.

## 18. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По 31 декември 2025 година – датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиски извештаи.